Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 06.10.2020

На 05.10.2020 во 09.40 часот на Граничен премин „Табановце" од полициски службеници бил лишен од слобода Н.Б.(25) од Штип бидејќи при контрола на патничко моторно возило „бмв" со англиски национални ознаки, управувано од Н.Б. била пронајдена марихуана. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 05.10.2020 во 21.00 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода А.Б.(28) од Гостивар затоа што при преглед му била пронајдена марихуана и семки од „канабис сатива". А.Б. бил задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.10.2020 во 18.25 часот на магистрален пат Кичево – Македонски Брод, во непосредна близина на крстосницата за с.Србјани, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило „ман" со приколка со скопски регистарски ознаки управувано од В.С.(51) од с.Јосифово,валандовско, кое продолжило со движење и мотоцикл „холдинг" без регистарски ознаки, управуван од Д.С.П.(37) од с.Србјани, кичевско. По преземени мерки товарното возило било пресретнато и вратено на местото на настанот,а во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Д.С.П. и била пренесена во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од ОВР Кичево.

На 05.10.2020 во 12.50 часот било пријавено дека кај крстосницата помеѓу улиците „Гоце Делчев" и „Никола Петров Русински" во Охрид се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „фолксваген поло" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(28) и велосипед, управуван од Е.С.(96), двајцата од Охрид. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница Охрид. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 05.10.2020 во 22.40 часот било пријавено дека на ул.„Јужноморавски Бригади" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „цитроен ц3" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.К. (30) од Скопје, патничко моторно возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.И.(20) од с.Врешево, скопско и мотоцикл „јијинг" со скопски регистарски ознаки, управуван од В.Н.(34) од Скопје. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.10.2020 во 15.00 часот во Полициската станица Центар, Џ.К.(31) од Скопје пријавил дека на бул.„Гоце Делчев" бил каснат од куче скитник.

На 05.10.2020 во 18.00 часот во Полициската станица Карпош, В.Б.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Њуделхиска" бил каснат од куче скитник.

На 05.10.2020 во 14.28 часот полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода Т.З.(42) затоа што го затекнале при вршење на кривично дело „кражба" . По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.10.2020 во 18.26 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор - Скопје било пријавено дека во установата настанала физичка пресметка помеѓу неколку затвореници. Полициски службеници излегле местото и констатирале дека затвореникот А.А.(47) од с.Зајас, кичевско, бил физички нападнат од затворениците З.Р.(43) од Штип, Е.Ќ.(31) од Битола, Д.Д.(65) од скопско и А.А.(36) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 05.10.2020 во 12.10 часот во Скопје, полициски службеници го привеле Г.З.(42) од Скопје кој се однесувал агресивно кон полициски службеници што интервенирале по претходна пријава за семејно насилство. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.10.2020 во 18.25 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во сопственоит стан на ул.„ Васил Ѓоргов" била пронајдена почината З.П.(89) од Скопје. Смрт без видливи траги на насилство констатирал доктор од Итна медицинска помош, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатата било предадено на обдукција.

На 06.10.2020 околу 01.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Жегљане" во Скопје настанал пожар во возило „ланд ровер", сопственост на АД „Електрани на РСМ". Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Нема повредени лица.

На 05.10.2020 околу 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Даме Груев", по претходно недоразбирање во сообраќајот, В.М.(40) од Скопје со тврд предмет го удрил Д.П.(69) од Скопје. По преземени мерки В.М. бил приведен во полициска станица и по целосно расчистување на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.10.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје, С.А.(31) од Скопје пријавил дека околу 09.10 часот на бул.„Крсте Мисирков" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2020 во 13.00 часот во СВР Скопје, А.Д.(32) од с.Мралино, скопско, пријавил дека на 01.10.2020 околу 21.45 часот на бул.„Никола Карев" три лица физички го нападнале и му се заканиле со остар предмет, по што му одзеле мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.10.2020 околу 10.30 часот во СВР Скопје, Г.М.(51) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот во с.Миладиновци бил физички нападнат од С.С.(59) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекшоците против јавниот ред и мир.

На 05.10.2020 во 18.30 часот во СВР Скопје, Н.Ц.(61) од Скопје пријавила дека во с.Љубанци, скопско, била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против З.Т.(58) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 22.09.2020 на ул.„23-ти Октомври" во Свети Николе пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 05.10.2020 во 16.45 часот било пријавено дека на стариот пат кон с.Лопате, кумановско, биле пронајдени пет бомби-кашикари како и две рамки за автоматска пушка(завиткани во најлонска кеса), кои најверојатно потекнуваат од конфликтот од 2001 година. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово, а бомбите се подигнати од служба од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет